

Трагите водат кон Бог

КАКО И КОГА Е ПИШУВАНА

ЗА ВРЕДНОСТА НА ЧОВЕКОТ

ШТО НИ ОТКРИВА ТАА ЗА БОГ

КАКВИ ПРИДОБИВКИ ИМАМЕ ОД НЕА

# Библијата ни кажува



***„Библијата не е обична книга, туку едно живо дело чија власт го победува секого кој ѝ се противставува“** (Наполеон).*

Наспроти воздигнувањето на науката и техничките достигнувања, се соочуваме со многу нерешени прашања. Исклучителниот научник, професор Стивен Хокинг, поставил некои од овие прашања во својата книга „Кратка историја на времето“: „И понатаму со копнеж истражуваме зошто сме овде и од каде сме дојдени? Во што е суштината на вселената? Зошто сме ние во неа? Какво е нашето и потеклото на вселената? Зошто е вселената таква каква што е?“

***Оваа низа прашања може да биде продолжена:***

- Што да преземеме во врска со загадувањето на својата околина?
- Како да прекинат војните, тероризмот и страдањата на луѓето?
- Како да обезбедиме мир, среќа и благосостојба за секој човек?
- Што можеме да сториме против сидата, ракот и против катастрофите во природата?
- Што е смислата на животот?

Ако не најдеме одговор на овие прашања, лесно можеме да се најдеме во ситуација која **Расел Бејкер** сликовито ја прикажал со зборовите:

*„Сто и педесет милиони километри оддалечен од Сонцето, седам на еден камен, кој со брзина од повеќе илјади километри на час лета низ вселената во непознат правец и никој не знае зошто. Околу мене на Земјината топка континентите пловат бесцелно. Седам на планетата која брзо ротира додека ме опкружуваат 6 милијарди луѓе, 8 планети, застрашувачки многу галаксии, нуклеарни бомби кои би можеле повеќепати да ме уништат, опкружен со планини, рачно оружје, со куп смрзната храна и занесен од лудата трка на галаксиите до сидовите на вселената. Овде седам сам, 150 000 милиони километри од Сонцето и се чувствувам безнадежно, беспомошно“.*

**Библијата е непроценливо богатство, на дофат на нашата рака.**

Библијата ни го дава пресудниот одговор на нашето прашање за функцијата на светот, за изворот и решението на страдањето. Луѓето што ја читаат Библијата, црпат сила од неа и доживуваат дека Наполеон бил навистина во право.

Оваа книга е многу повеќе од хартија и букви. Таа претставува едно живо дело, Божје писмо дадено на човекот. Што се случува кога некој ќе почне да ја чита?

*„Болна сум и повремено имам силни болки. Библијата ми е голема помош во животот. Секој ден ја читам и таа ме крепи во уверението дека Бог е жив и не прави грешки“* (К. Е. домаќинка).

*„Понекогаш губам доверба во иднината кога слушам разни теории и филозофски размислувања за тоа како да се подобри светот. Токму затоа имам потреба за Исусовите јасни изјави“* (М. Г. студент).

*„Ја читам Библијата бидејќи таа пред мене поставува огледало во кое можам да се запознаам самата себе. Во секоја животна ситуација ми покажува каде стојам, што сум наследила и каков карактер имам. Наспроти неуспехот и на границата на очајот, нема подобра помош од оваа книга. Ништо подобро не лекува и не помага како оваа книга“* (Д-р Х. М.).



*„Невозможно е правилно да се управува со светот без Бога и Библијата“* (Џорџ Вашингтон, првиот претседател на Соединетите Американски Држави).

## ЗА БИБЛИЈАТА

Библијата има таков назив поради тоа што „библион“ на грчки значи една книга, така што „библиа“ претставува множина на таа именка која може да се преведе како збирка од книги. Таа содржи повеќе мали книги собрани во една голема книга, односно, книга која содржи цела библиотека. Поради своето божествено потекло таа го заслужува називот Свето писмо. Библијата е древна, со старост од две илјади години, а воедно е и светски бестселер затоа што секоја година се издаваат повеќе стотици милиони примероци на Библијата и нејзини делови. Таа е неизбришлив дел и предуслов за разбирање на уметноста, литературата, науката и историјата.

Библијата не се занимава само со верата, туку исто така ги поставува и принципите на функционирање на светот, ги претставува Божјите закони, ја опишува, интерпретира и предвидува историјата. Таа е одличен советник во бракот, дава поддршка во процесот на воспитување, а во меѓусебните односи дава решение за најтешките проблеми.

Библијата е единствена книга која содржи сигурни пророштва и однапред ја објавува иднината. Повеќе илјади нејзини пророштва континуирано се исполниле и се исполнуваат во текот на историјата. Ни Нострадамус, ни Куранот, а ниту една друга света книга не се во состојба да го остварат тоа.



*Библијата ја пишувале **45 писатели** со различно потекло и професии во текот на **1500 години**. Меѓу нив биле: високообразованиот Мојсеј, војсководачот Исус Навин, дворскиот човек Даниел, пехарникот Немија, цар Давид, пастирот Амос, рибарот Петар, лекарот Лука и многу други. Некои делови од Библијата се пишувани на необични места, на пример, во пустина (Мојсеј), во затвор (Еремија), во царски дворови (Даниел), во текот на патувањата (Лука) или во прогонство, како што се списите на апостол Јован. Наспроти тоа што нејзиното создавање опфаќа шеесет генерации, што не може да се рече за ниедно друго книжевно дело, според животните околности, квалификациите и знаењето на писателите, кои се разликувале, Библијата претставува извонредно усогласено и единствено дело кое без конкуренција ги открива единството и континуитетот.*



Исус дошол на Земјата, меѓу луѓето, за да покаже каков е Бог, да покаже што чувствува Тој кон нас.

**Филип Шаф**, историчар, дал мошне добра формулација за единствената природа на Светото писмо: „Исус од Назарет победил повеќе луѓе без пари и оружје отколку Александар Македонски, Јулиј Цезар, Мухамед и Наполеон заедно; иако немал формално образование, подобро ги објаснил божествените човечки поединости отколку сите филозофи на светот заедно; без употреба на какви било реторички трикови одржал говор за животот како никој пред ни по него и постигнал таков ефект каков што не постигнал ниту еден говорник или поет. Иако не напишал ниту еден ред, поттикнал повеќе пера и дал поголем материјал за проповедање, говорништво, дискусија, студии, уметнички дела и славопојни песни од цела армија великани на стариот и на современиот свет“ (J. McDowel: Bibel im Test, стр. 54).

Библијата е единствена Божја книга. Бог ја потврдува нејзината веродостојност и таа го носи Неговиот авторитетот: „Целото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, за казнување, поправање и поучување во праведност“ (2. Тимотеј 3,16).

Библијата сака да нѐ запознае со Бога и како се однесува Тој спрема нас. Нѐ охрабрува да бидеме отворени кон Бога и да го вклучиме во нашиот живот. Ако е Тој покрај нас, можеме храбро да гледаме во иднината и не треба да се плашиме од ништо.





*„Не плаши се, зашто Јас сум со тебе; не вознемирувај се, зашто Јас сум Бог твој; Јас ќе те закрепам и ќе ти помогнам, ќе те поддржам со мојата победоносна десница“* (Исаија 41,10).

Библијата ни кажува кој е Бог и каков е.

### Според кој модел ги создал Бог мажот и жената?

„И Бог го создаде човекот според образот свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде“ (1. Мојсеева 1,27).



Библијата ни кажува дека човекот има незамислива вредност, тој е создаден според Божјиот лик.

Според Светото писмо, Бог го создал човекот според својот лик. Тоа е причината поради која можеме да бидеме во лична врска со Бога. Способноста на размислување, чувствување, надевање, проценување и анализирање, сето тоа потекнува од Бога.

### Бидејќи е Бог личност, која е неговата највозвишена особина?

*„Бог е љубов“* (1. Јованово 4,8). Кон човечките суштества Бог се однесува со најдлабока љубов. Во неговите минати или идни дела нема ништо што не е мотивирано од несебична и самопожртвувана љубов.

### Која аналогија најдобро претставува каков е Бог?

*„Зар сите немаме еден и ист Татко? Нели Единствениот Бог нѐ создаде?“* (Малахија 2,10).

Во Библијата Бог во повеќе наврати себеси се нарекува Татко.

Многу меѓу денешните описи на татковци не се најпривлечни. Има немарни, груби и уморни од животот. Бог не е таков. Тој е грижлив и чувствителен татко. Татко кој сака да го минува времето со своите синови и ќерки, Татко кој ги восхитува со своите убави приказни.



Бог, Татко полн со љубов, сакал да направи и нешто повеќе отколку само да се претстави преку зборовите на Светото писмо. Знаел дека лицето со кое заедно живееме е многу постварно од некој за кого само слушаме или читаме во книга. Затоа решил да зачекори во нашиот свет како вистинска, посебна личност.

Бог се спуштил на наше ниво, станал како нас за да може да нѐ научи како да живееме, како да бидеме среќни и воедно на тој начин да дознаеме каков е Тој.

## *Како можел Исус како Бог да го посети нашиот свет?*

*„Тој е слика на невидливиот Бог“* (Колошаните 1,15).

Бог дошол на нашиот свет во ликот на Исус Христос.

Едно мало момче и неговиот постар брат стоеле пред портретот на својот татко. Момчето уште било мало кога умрел неговиот татко.

„Кажи ми“, рекло момчето, „каков беше нашиот татко?“ Постариот брат се обидел да му раскаже неколку подробности за нивниот татко. Рекол дека бил извонреден човек. Дека бил љубезен и убав, гостопримлив и дека сите луѓе го сакале неговото друштво. Секогаш бил љубезен кон нивната мајка. Ги развеселувал луѓето.

И покрај сè што чул од својот постар брат, помладиот брат не можел да создаде вистинска



слика за својот татко. Сакал да дознае повеќе. Најпосле, го прекинал својот брат и го прашал: „Кажи ми уште нешто, Стефан! Дали беше тато како тебе?“

Постариот брат се колебал неколку секунди, а потоа рекол: „Нашите пријатели, кои добро го познаваа тато, велат дека јас сум ист како него. И мама го потврдува тоа“. Лицето на малото момче се разведрило, а потоа восхитено рекло: „Сега знам каков бил татко ми. Ист како брат ми Стефан“.



Исус, кој е Бог, дошол на овој свет во човечко тело. Исус е „Божји син“ (Марко 15,39). Бог станал видлив, а Божјите мисли можеле да се слушнат. Самиот Исус рекол: „Кој ме виде мене го виде и Отецот“ (Јован 14,9). Ако некој го видел Исус, го видел и Бога. Ако сакаме да разбереме каков е Бог, да го гледаме Исус претставен во Библијата.

Читајќи ја Исусовата историја во првите книги на Новиот завет, во сите четири евангелија, можеме да го запознаеме чудесниот портрет на нашиот небесен Татко. Необразованите, груби рибари, ги отфрлиле своите мрежи за да го прифатат Христа, малите деца го опкружувале и му пристапувале за да ги благослови. Можел да им подари мир на најзакоравените злосторници и да го разоружа најсамоправедниот лицемер.

Лекувал од секоја болест, од слепило до лепра, смирен, како што лекарот препишува аспирин.

Неговата заповед се состоела од два збора: „Молчи, престани!“ И морето стивнало како што се смирува немирното дете. Секое Исусово дело покажувало дека Бог е љубов!

**Ги препознавал потребите на луѓето, како што не правел никој пред него ни по него.**

На крстот Исус станал видлив врховен доказ за тоа каков е Бог. Затоа умрел за нас за да не мора ние да умреме за цела вечност.

## *Каков благослов може да добиеме со Исусовата смрт?*

*„Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16).*

**Исус не умрел само за да ни даде подобар живот сега, туку да ни подари вечен живот.**

**Исус, Божјиот „Единороден Син“ - еден и единствен, единствено битие кое е совршен Бог и совршен човек.**

Во ликот на Исус Христос целото небо се наведнало кон човештвото покажувајќи ја својата огромна љубов кон нас.



Од дамнешни времиња луѓето му се восхитувале на Бога, се надевале во него и сонувале за него. Ги гледале делата на неговите раце на небото и во убавината на природата.

Мнозина си мислеле во себе: „Кога Бог би бил ваков или онаков“, но Исус е исклучителен, неговиот самопожртвуван живот и смртта на крстот многу појасно кажуваат каков е всушност Бог.

Луѓето го гледаат Божјето лице и можат да видат каква е вистинската љубов, бесмртна и вечна љубов.

Вие сега може да го запознаете Бога според начинот на кој Исус го претставил. Ова откритие може да нè доведе до изјавата: „Оче, те сакам!“

*„Веродостојноста на Библијата е потпотврдена од кое било друго историско дело... Цврсто верувам во Библијата, тоа се Божји зборови напишани од вдахновени луѓе. Секојдневно ја читам Библијата“* (Исак Њутн, математичар и природонаучник).



Лекција бр. 6

серија **„Трагите водат кон Бог“**

Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Јазична редакција: **Томислав Треневски**
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“** П. фах 215, 1000 Скопје
Печати: **Аркус дизајн** | За дополнителни информации пишете ни на **tragite@yahoo.com** или јавете се на **071 / 569 076**
**www.adventisti.org.mk www.znacinavremeto.mk**